**20160180545**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 46 став (5) од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15 и 192/15), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА МЕДИЈАТОР

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на лиценцата за медијатор.

Член 2

Лиценцата за медијатор се издава на образец на бела кунздрук хартија со А-4 формат.

Образецот на лиценцата од став 1 на овој член содржи: во горниот дел е отпечатен грбот на Република Македонија и текстот: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДБОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА, законскиот основ за издавање на лиценцата за медијатор, назив „ЛИЦЕНЦА ЗА МЕДИЈАТОР“, податоци за името, татковото име и презиме, датум и место на раѓање, општина и држава, датум на издавање на уверение за положен испит за медијатор согласно Законот за медијација, соодветна област за која се издава лиценцата, ден, месец и година до кога важи лиценцата, број на лиценцата, датум и место на издавање на лиценцата, место за потпис на Претседателот на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата и место за печат.

Образецот на лиценцата од став 1 на овој член е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-113/3
29 јануари 2016 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари,** с.р.

Образец

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ
НА РАБОТИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА

Врз основа на член 59 став (1) точка г) од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15 и 192/15), Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, издава:

# **Л И Ц Е Н Ц А**
**ЗА**
**М Е Д И Ј А Т О Р**

На _____________________________ роден-а на ____________ _____ година во ____________________,
(име, татково име и презиме) (датум на раѓање) (место)

општина ___________ држава ________________, со положен испит за медијатор на ________________ година,
(датум на издавање на уверение за положен испит за медијатор)

кој/а ги исполнува условите за медијатор согласно Законот за медијација.

Се издава лиценца за медијатор од областа на ______________________________________.

Лиценцата се издава со рок на важење до _____________ година.
(ден, месец и година)

Број__________
Датум_________
Скопје

Претседател,
________________
(потпис и печат)